Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11)„ како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по работа со компјутер за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# РАБОТА СО КОМПЈУТЕР

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1. ВОВЕД

Наставата по предметот **работа со компјутер** ја дава основата за информатичката писменост. Учениците со овој наставен предмет ќе стекнат основни знаења за ракување со компјутерите и користење готови компјутерски програми, како и користење ИКТ во другите наставни предмети.
Оспособеноста на учениците за користење на ИКТ ќе им овозможи олеснување на процесот на самоучење, како и нивно вклучување во новите предизвици во животот.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи правилно да го користи компјутерот, неговите составни делови и надворешни уреди;
- да се оспособи самостојно и/или со помош да ги користи можностите на Интернет;
- да се оспособува самостојно и/или со помош да користи програма за цртање, за создавање и уредување едноставни цртежи;
- да се оспособува самостојно и/или со помош да користи програма за обработка на текст, за внесување и едноставно уредување на текстови;
- да се оспособува самостојно и/или со помош да користи програми за учење (образовен софтвер);
- да се оспособува самостојно и/или со помош да користи програма за мултимедијални прзентации;
- да се оспособува самостојно и/или со помош да користи програма за табеларно пресметување;
- да стекне основни информатички знаења како основа за надградба во процесот на натамошното образование.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| РАБОТА СО КОМПЈУТЕР | | | |
|---|---|---|---|
| **Програмско подрачје: ОБРАЗОВЕН СОФТВЕР (ориентационо 10 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се оспособи да користи образовен софтвер; | Користење образовен софтвер | | - Презентирање и демонстрација на достапен образовен софтвер соодветен на интересите на учениците (пр. користење на едукативниот пакет Gcompris, ToolKid).<br>- Практична работа на компјутер, работа со образовен софтвер.<br>- Стимулирање на визиомоторната координација за разбирање на движењето на глувчето и покажувачот на екранот, активности кои ја потенцираат и афирмираат успешната изведба. |
| - да се оспособи да активира и да учествува во различни едукативни компјутерски игри<br>- да користи тастатура и глувче. | Компјутерски игри | | - Извршување на операции со глувчето и тастатурата, дефинирани во компјутерската игра.<br>- Стимулирање на визиомоторна координација за разбирање на движењето меѓу глувчето и покажувачот на екранот.<br>- Активно учество во едукативни компјутерски игри. |
| **Програмско подрачје: ИНТЕРНЕТ (ориентационо 6 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се оспособи да ги | Пребарување на Интернет | | Организирање на активности кои овозможуваат самостојно и/или со помош на:<br>- прегледување веб страници со едукативна содржина од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| користи можностите на Интернет. | Практични активности на Интернет | | интерес на учениците со однапред дадена адреса;<br>- работа со бесплатни алатки и програми од Интернет;<br>- пребарување со клучен збор;<br>- учество во едукативни компјутерски игри:<br>- прибирање електронски информации (слика, текст).<br>Степенот на поставените барања пред ученикот е во корелација со неговите можности и интересите. |

**Програмско подрачје: ПРОГРАМА ЗА ЦРТАЊЕ (10 ориентационо часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се оспособи да создава производ следејќи поставени барања и критериуми;<br><br>- да се оспособи да ги користи операциите отсекување, копирање, вметнување. | Креирање или репродукција на цртеж според зададени параметри (тема, изглед)<br><br>Креирање цртеж со зададени елементи | Исечок-дел од цртеж<br>Операции со цртеж-копирање, отсекување, вметнување | - Креирање цртеж со следење на упатства за цртање според зададена слика, комбинирање на цртеж со текст.<br>- Креирање цртеж од зададени елементи со користење на наредбите за отсекување, копирање и вметнување (пр. зададени се слики од мебел за детска соба со кои учениците треба да ја уредат „својата“ детска соба, од зададени продукти учениците треба да „зготват“ пица, од зададени слики на делови од човечко лице учениците да креират лик....).<br>- Креирање цртеж со помош на една фигура (пример:аквариум со риби, ливада со цвеќиња).<br>- Примена на изученото од другите наставни предмети и од интерес на учениците.<br>- Степенот на поставените барања пред ученикот е во корелација со неговите можности и интересите. |

**Програмско подрачје: ПРОГРАМА ЗА ОБРАБОТКА НА ТЕКСТ (ориентационо 8 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се оспособува да изработи | Внесување дијаграм<br>Практични активности во програма за | Дијаграм | - Креирање текст според правилата за правилно пишување (правилно внесување на интерпункциски знаци како дел од текст, одделување на зборовите со само едно празно место, не оставање празно место помеѓу заградите и зборот кој е |

| | | | |
|---|---|---|---|
| текстуален документ – комбинација на текст со графички објекти и слики според зададени барања. | обработка на текст | | внатре).<br>- Креирање семејно стебло со користење на дијаграм, со помош од наставникот.<br>- Уредување текст според зададени барања согласно можностите на учениците.<br>- Примена на претходно стекнатите знаења во програмата за обра ботка на текст.<br>- Снимање и печатење текстуален документ.<br>Поставените барања се во корелација со можностите и интересите на учениците. |
| **Програмско подрачје: ПРОГРАМА ЗА МУЛТИМЕДИЈАЛНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ (ориентационо 16 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги осознае основните елементи на мултимедијалните презентации;<br><br>- да се оспособи да креира,<br>уредува и активира мултимедијални презентации. | Поим за мултимедијална презентација<br>Основни елементи на мултимедијална презентација<br>Креирање и активирање мултимедијална презентација<br>Практични активности во програма за мултимедијални презентации | Мултимедијална презентација<br>Слајд | Презентација на различни претходно подготвени мултимедијални презентации.<br>Објаснување за примената на мултимедијални Презентации.<br>Демонстрација на практичните активности во програма за мултимедијални презентации .<br>Практична работа на компјутер со користење на изучените алатки од програмата за мултимедијални презентации со помош од страна на наставникот или самостојно, соодветно интересите и можностите на ученикот:<br>• креирање на едноставна мултимедијална презентација.<br>• уредување на текст во слајд: боја, фонт, големина<br>• вметнување на слики<br>• прикажување на презентација (слајд шоу).<br>Поставените барања се во корелација со можностите и интересите на учениците. |
| **Програмско подрачје: ПРОГРАМА ЗА ТАБЕЛАРНО ПРЕСМЕТУВАЊЕ (ориентационо 22 часа)** | | | |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се оспособи правилно да ги користи влезни уреди за внесување, промена и движење низ документот;<br><br>- да креира едноставни табели и да ги уредува. | Поим за работен документ, работен лист и табела<br><br>Основни елементи на работен лист<br><br>Движење низ работен лист<br><br>Внесување и менување на податоци во табела<br><br>Уредување на табела<br><br>Практични активности во програма за табеларно пресметување | Работен документ<br><br>Работен лист<br><br>Табела<br><br>Редица<br><br>Колона<br><br>Ќелија | Демонстрација на практичните активности во програма за табеларно пресметување.<br>Презентација на готови продукти во програма за табларно пресметување.<br>Практична работа за движење меѓу ќелии и работни листови.<br>Практична работа на компјутер со користење на изучените алатки од програмата за табеларно пресметување со помош од страна на наставникот или самостојно, соодветно интересите и можностите на ученикот.<br>Уредување на табела преку:<br>• уредување граници,<br>• боја на текст и позадина,<br>• порамнување,<br>• едноставно подесување на висина и ширина на редиците и колоните.<br>Пример за изведбени активности:<br>• преку боење на наведени ќелии со зададени адреси да се добијат различни фигури/букви (пр.буквата Е, куќичка, дрво);<br>• преку боење на ќелии ученикот да стигне од ќелија означена како почеток до ќелија означена како крај (со боење на ќелии да се означи најкраткиот пат од зајачето до морковот, од ученикот до училиштето и сл.);<br>• дадени се слики на кои се претставени активности познати/блиски до учениците. Под сликите учениците треба да го впишат името на активноста и да ја порамнат. Поставените барања се во корелација со можностите и интересите на учениците. |

## 4. НАСОКИ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ:

Наставниот предмет **работа со компјутер** во VIII оддление е задолжителен, а се изучува со 2 часа неделен, односно 72 часа годишен фонд.

**Препораки за користење на годишниот фонд на часови:**
За секое предвидено подрачје е предложен ориентационен годишен фонд на часови, односно:
- Образовен софтвер – 10 часа;
- Интернет – 6 часа;
- Програма за цртање – 10 часа;
- Програма за обработка на текст – 8 часа.
- Програма за мултимедијални презентации – 16 часа
- Програма за табеларно пресметување-22 часа.

Од предвидениот вкупен фонд на часови по програмски подрачја дозволени се мали отстапувања во согласност со специфичностите на средината во која се наоѓа училиштето. Исто така, во рамките на вкупниот годишен фонд на часови во програмските подрачја, дозволени се отстапувања и во однос на зачестеноста на конкретните цели, содржини и активности. Имено, бројот на часовите треба да се приспособи кон потребите на конкретното училиште (животната средина од која доаѓаат учениците, нивниот културно-социјален и образовен статус, претходна подготовка на учениците, претходна подготовка за работа на компјутер). Во тој контекст некои содржини ќе се повторуваат повеќепати за сметка на други кои ќе се работат со помал фонд на часови. Исто така, се препорачува флексибилност во времетраењето на часовите во функција на потребите и на интересите на учениците.

**- Наставни средства:**
- учебник за информатика избран на ниво на училиштето и одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење во непосредната околина: предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
- енциклопедии, речници, атласи, карти и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудиовизуелни средства.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата по предметот работа со компјутер во VIII одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (ученички изработки на компјутер) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни) однапред подготвени евалвациски листи за секој ученик, кои се изработуваат по секоја негова конкретна активност која е специфична.

Во текот на наставата, врз основа на сознанијата од формативното оценување се оформува описна и бројчана оценка, а на крајот на наставната програма се изведува бројчана оценка.

## 8. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по предметот **работа со компјутер** во VII одделение може да ја реализира лице кое завршило студии по:
- информатика VII/1, наставна насока или применета насока со педагошко - психолошка и методска подготовка и со дополнителна дефектолошка дообразба.;
- математика - информатика VII/1, наставна насока и со дополнителна дефектолошка дообразба.;
- компјутерска техника, информатика и автоматика, VII/1 со педагошко – психолошка и методска подготовка и со дополнителна дефектолошка дообразба.;
- завршени дипломски студии од областа на информатиката, информатичките или информациско - комуникациски технологии на акредитираните универзитети во Република Македонија или во странство со домашна акредитација, VII/1, со педагошко - психолошка и методска подготовка и со дополнителна дефектолошка дообразба.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по работа со компјутер за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со *мултихендикеп* во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за девтегодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Министер

*Бр.11-15754/1*
*01.10.2014 година*

______________________________
*Abdilaqim Ademi*

Изготвил: работна група, координатор Гордана Јанакиевска, раководител на одделение
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор